# З А П И С Н И К

Од 56-та седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 22.06.2020 год.

Седницата се одржа онлајн преку апликацијата ZOOM и започна со работа во 13,45 часот.

На седницата беа присутни 27 членови на Советот на Општината: Претседателотот на Советот-Валентин Груевски, Методија Илиевски,Зоран Стојчевски, Жаклина Наумовска, Ристенка Алтипармаковска,Борче Корлевски,Емилија Костурски, Елеонора Илиевска, Зоран Ѓеорѓиев, Владе Шеровски, Елизабета Тодоровска, Виолета Дракалска,Татјана Крнчева, Јован Налбанти, Славе Најдовски, Веселин Талевски, Билјана Поповска, Анита Ангелевска,Александар Мирчевски,Горан Михајловски,Тони Коњановски,Иванчо Тошевски, Николче Јанкуловски,Борче Димитровски,Олга Лозановска, Викторија Христовска, Горан Степановски,Габриела Илиевска, Иван Чулаковски.

На седницата отсутни беа следните советници:Бурим Керими,Веселин Талевски,Горан Степановски и Елена Трајчевска.

На седницата беше гостин и Директорот на ЈПВодовод Горан Козаров.

Претседателот на Советот Валентин Груевски го прочита дневниот ред со 2 точки.

Претседателот на Советот Валентин Груевски предложи нова точка на дневниот ред:

1.Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Битола за 2020г.

Николче Јанкуловски рече,и покрај законската обврска на ЈП во градот да ги објавуваат Завршните сметки иизвештаите за работа тоа не го прават и тоа необјавување е една од причините за разрешување на директорите и побара:

1.Иницијатива за разрешување на Директорите на ЈП-ја во Градот Горан Козаров, Методија Силјановски,Панде Богоевски и Владо Атанасовски до Градоначалничката Наташа Петровска заради непочитување на чл.23а од Законот за Јавни претпријатија.

Предлогот на Претседателот Валентин Гриевски:

1.Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Битола за 2020г., беше ставен на гласање и едногласно прифатен (23ЗА).

Предлогот на Николче Јанкуловски:

1.Иницијатива за разрешување на Директорите на ЈП-ја во Градот Горан Козаров, Методија Силјановски,Панде Богоевски и Владо Атанасовски до Градоначалничката Наташа Петровска заради непочитување на чл.23а од Законот за Јавни претпријатија, беше ставен на гласање и не беше прифатен со 8 гласови ЗА и 15 против.

За работа нба седницата беше предложен и со 15 гласови ЗА и 9 против прифатен следниот

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Одлука за дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.
2. Програма за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2020 год.
3. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година.

1.

Валентин Груевски рече,членовите на Комисија за финансии и Буџет го разгледале материјалот по точката и за истиот гласале со 3 гласови ЗА и 1воздржан

Олга Лозановска на почетокот од дискусијата го праша Директорот на ЈПВОдовод Дали е сега моментот да се гради управната зграда на ЈП и смета дека во моментот се изменети многу околности:1)има пандемија од корона вирус која влијае и ќе влијае на економијата во државата односно ќе треба да се справуваме со економските мерки како последица од истата.Светските медиуми кажуваат дека економската криза која ќе следува ќе биде 2-3 пати поголема од кризата до 2009 и невкусно е Директорот да поднесува таква крупна иницијатива.Дали е направена анализа за тоа колку ќе чини управната зграда и според Лозановска ова преставува чист политички маркетинг.Оваа власт ЈП Водовод го наследи со добра кондиција,има скада систем,хидроцентрала за сопствено производство за производство на електрична енергија направени во периодот на владеење на МВРО ДПМНЕ.Го праша Директорот Колку метри нова водоводна мрежа има направено оваа власт и колку е реконструирано и додаде дека во изминатите три години не се заменети азбестните цевки. Дали некој ќе бара провизија,Дали се зголемени платите на вработените и Дали е вистина дека од Јануари до Мај е направена сметка за репрезентација со 155.000д. и дали врз вработените се врши притисок.

Габриела Илиевска рече за се што е добро-власта ја има поддршката од „Поинаку“ иако тие како советници не ја имале поддршката од власта и праша Зошто баш сега оваа точка е на седница на Совет и Зошто оваа точка не се остава за после избори.Смета дека во моментот Општината има многу поважни работи од носењето на Одлуката и многу посериозни точки требаше да има на оваа седница.

Методија Илиевски на почетокот од дискусијата рече дека пред неколку денови била одржана Комисијата и таму биле кажани намерите, на каков начин и со кои средства ќе треба да се изгради Управната зграда на Водовод.Управната зграда ќе треба да се гради во следните три години,мотивацијата е што се исплаќаат преголеми финансиски средства на месечно ниво за тековно одржување и наем.а ги спомна и парите кои ги доби Водовод од долгот кон училиштата. Напомена дека 3-4000Евра се потребни (месечно) за одржување на управната зграда, а тоа значи дека околу 500.000 Евра се потрошени во изминатите 12 години по тој основ – и смета дека толкава ќе биде сумата за изградба на управната зграда. Од тие причини советниците од власта го поддржуваат предлогот на Директорот на ЈП Водовод за изградба на управната зграда.

Олга Лозановска смета дека во државата приоритено е здравството,пандемијата со корона вирусот,мерките за економската криза која следува а не зградата, а нејзини сознанија се дека се плаќа 96000 кирија месечно.

Борче Корлевски рече дека не е само месечната киријата од 96.000д. на ЈП Водовод-таму се и тековните одржувања (санација на кров,електрични нсталации и тн.) за што се потребни многу повеќе средства за одржување, а како пример ја спомна и Управната зграда на ЈП Пазари.Смета дека ЈП Водовод ќе даде импулс плус во стопанството со тоа што ќе ја изгради управната зграда, а потсети и на 15-те милиони д. кои се префрлени на ЈП Водовод.Околу покачувањето на цената на водата рече дека-покачувањето на цената на водата од 120% го направи МВЕО ДПМНЕ без никаква причина,без нити еден капитален објект,без нити една инвестиција за ЈП Водовод. Оваа власт смета дека ова што го прави Водовод е економски поисплатливо,останува за следните генерации,се плаќа во период од повеќе години а е од бенефит за сите граѓани на Општина Битола.

Борче Димитровски не се сложува со Претседателот за тоа дека за тема нова управна зграда не треба да се зема во предвид целокупното рабпотење на ЈПВодовод бидејќи серaботи за

крупна инвестиција и во секој случај мора да се опфатат сите аспекти кога тоа ќе се анализира.Во контекст на точката посочи неколку аргументи:сите показатели за оваа криза во поглед на економијата се катастрофални а и  на Светко ниво.Кризата со Ковид 19 и никој не можел да ја предвиди, таа трае и во иднина ќе трае, а Димитровски не е запознат дали е направена анализа за следниот период кога се очекува и економската криза.Напомена дека во Јануари 2018г.во ЈП имало вработени 205 лица,заклучно со овј ден бројката е 230-тоа значи дека бројот на вработени во ЈП е зголемен за 25 лица. Дека моментот не е погоден за дадената иницијатива се потврдува и земениот кредит во 2011 за скада системот а грејс периодот за исплата на кредитот започнува на 1.01.2021-а тоа ќе биде уште едно оптоварување на ЈП,а ги спомна и обврските за вложување во водоводната мрежа.Димитровски праша Од која причина се прават реновирања кога веќе се планира изградба на нова Управна зграда на ЈП.а аргументот дека 15 милиони д. се наплатиле од училиштата благодарение на Владата-е многу несериозено бидејќи едно е добивка а друго се средства за дадени и реализирани услуги кои чекале за наплата, а логично е општината да го ослободи од плаќање на комуналии ЈП.Факт е дека идејата за изградба на управна зграда е стара идеја, а режиски трошоци и трошоци за закупнина неможат да се спојат со закупнина.

Габриела Илиевска рече, не е проблемот во проектот-проблемот е Зошто денес? Советничката група на Поинаку од самиот почеток ги поддржува плановите за вработување на ЈП Водовод,Завршните сметки и го праша Директорот на ЈПВодовод:Доколку беше советник Дали немаше истото да го каже што Илиевска го кажува?!односно проблематичен е датумот на поставување на точката на дневниот ред, и уште еднаш рече дека немаше ништо да смета доколку оваа точка беше ставена на дневен ред после еден месец.

Анита Ангелевска рече,оваа локална и централна власт неуспеа да се фокусира на вистинските проблеми и да бара вистински решенија- а сега говори за финансирање на приватна пратеничка кампања од пари на граѓанитем и смета дека многу погрешно е да се излегува со вакви решенија за време на светска економска криза.

Зоран Стојчевски рече дека за работата на ЈП Водовод ќе се говори кога на седница ќе бидат точките извештај за работа и завршна сметка, а во случајот е точката Одлука за дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

Иванчо Тошевски побара од Директорот Козаров да каже колкави биле инвестициите на Водовод во изминатиот период додека на власт беше ВМРО ДПМНЕ а колкави се сега,колку водоводна мрежа е изградена сега а колку е просекот во изминатите години.Смета дека оваа власт ништо не направила во изминатиот период и неможе да се пофали пред граѓаните-сега измислува лаги и невистини и го праша Директорот:Колку во просек водоводни мрежи (изградба на нови и реконструкција на старите водоводни мрежи)имаше во едно минато време и кој е просекот од 2017 (одкако е тој Директор)? и го замоли Директорот во предизборната кампања да не ја користи Градоначалничката Петровска.

Валентин Груевски на самиот почеток од дискусијата пред советниците ја повтори точката која е на дневен ред: Одлука за дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, и според нејзе се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште недвижен имот на Општина Битола кој се состои од основни,средни училишта,градинки домови за стари лица,урбани заедници,МЗ,деловни и станбени објекти,станови,спортски терени,градежно неизградено земјиште сосвеност на општината каде Општина Битола е сопственик се додаваат и ЈП-ја и ЈОУ за култура.Со Одлуката Општина Битола се одкажува од 4 милиони д.комуналии кои би требало да ги плати ЈПВодовод а со тоа Општината му помага на ЈП полесно да ја изгради својата управна зграда.Според Груевски добро е да се изгради управната зграда и да се вложува од следните причини:ако ЈП проценило

дека има средства за да вложи-тоа е директна помош на економијата, ако ЈП вложи (пр.35 милиони д.)- тие ќе бидат дадени на дел од градежните фирми и тие пари ќе бидат директна помош на стопанството, и смета дека Советот не треба да му биде пречка на ЈПВодовод во следните два месеци да си ги извади сите документи кои се потребни, па после заврешување на изборите се распише објавата за изградба на зградата.ЈПВодовод е фирма која добро работи,има финансиски средства и многу подобро работи од минатите години, и повтори дека целокупниот процес ќе се случува после изборите.

Горан Козаров Директор на ЈП Водовод Битола во негово име и во името на ЈПВодовод се извини во однос на завршните сметки и извештаите за работа и појасни дека се вршело ребрендирање на страницата на Водовод,а сега во моментот на официјалната страна веќе се поставени.Во однос на финансиската анализа за управната зграда рече дека е направена заедно со кредитот кој ќе започне да се плача после два месеци.Менаџерскиот тим (според резултатите) е уверен дека финансики може да се плати управната зграда,да се подмири кредитот,а ќе има средства и за обвнова и одржување на водоводниот систем за периодот кој следи.Досегашните инвестиции во Водовод се направени од сопствени средства а посочи дека на вработените се доделени средства за К15 (во износ од 6 милиони д.), а напомена дека само од една јавна набавка направена е заштеда од 6 милиони д..Напомена дека од сите заштеди кои се направени од непредуктивни трошоци има простор да се реализира од она што е планирано.Ги спомна и трошоците за кирија,греење и сл. а тоа значи дека околу 3000Евра има месечен трошок на ЈП.Процедурата за управната зграда е започната пред повеќе од една година а се надева дека работењето во стопанскиот двор ќе биде во уште подобра форма.Одкако ќе се добие одобрение од службите на општината се преминува во фаза на ослободување од комуналии.Се надева постапката да биде донесена до фаза-одпочнување на градба на управната зграда, и се заблагодари на загриженоста од страна на советниците и на сугестиите.

Иванчо Тошевски го праша Диоректорот на ЈП Водовод:Колку во просек водоводна мрежа се градеше во едно минато време во Општина Битола од страна на ЈП Водовод до 2017г. и Колкав е просекот одкако Козаров е Директор?Дали сугестиите кои предходно ги кажал Козаров ги упатува и до Градоначалничката Петровска за ангажирање на битолсаки фирми за градење на управната зграда на ЈПВодовод?

Горан Козаров Директор на ЈП Водовод рече дека тој посакува градежните фирми кои ќе работат на изградба на управната зграда да бидат битолски фирми и тој што ќе добие на јавна набавка.Обврската на Водовод е сервис на водоводната постоечка мрежа,а кога се гради нова водоводна мрежа и кога финансиер е Министерството за транспорт и врски-може да биде и друг изведувач (тоа е согласно работите кои ги има даденоМинистерството за изградба на тие линии).За ул.Илинденска 3.600.000 се за приклучоци,а исто така има и на ул.Асном.ЈП Водовод распоти според план и програма која ја носи Советот, има спремни проекти за аплицирање за промена на 27 улици (за истите поднесено е до министерствата за одобрение за градба и промена на водоводна и канализациона инфраструктура, а промена и на коловоз).Во Советот на Општина Битола во 2016г. беше изгласана Одлука за Централно градско јадро кое ја отежна целата работа во Општина Битола и на сите ЈП-ја во добивање на дозволи за работа.Водовод за Општина Битола има изготвени 27 улици кои чекаат за одобрение од Мин,за култура за заштита на Централно градско јадро.Променети се над 20км.азбестна мрежа, а има улици кои во Општината чекаат на одобрување (ул.С.Наумов со околу 5 км.).

Одлуката за дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, беше ставена на гласање и донесена со 16 гласови ЗА и 1 воздржан.

2.

Методија Илиевски рече,члековите на Комисијата за јавни и комунални дејности го разгледале материјалот по точката и за истиот гласало со 4 гласови ЗА.

Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2020 год.мбеше ставена на гласање и едногласно донесена (27ЗА).

Претседателот даде пауза од 10 мин.

3.

Валентин Груевски рече,членовите на Комисијата за финансии го разгледале материјалот по точката и за истиот се гласало со 4 гласови ЗА.

Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година, беше ставена на гласање и едногласно донесена ( 22ЗА).

Седницата заврши на 22.06.2020 г. 16,00 часот.

Седницата се пренесуваше на Youtube и се снимаше на аудио касети и по нив се водат забелешки.

Седницата ја обработи Ленче В.Гареска,референт за седници.

Бр..09-58/2
22.06.2020 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
На Советот на Општина Битола
Валентин Груевски